РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

13-2867/2
10-11-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54-тата седница одржано на 01.11.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

ДКСК нема да спроведе антикорупциска проверка на Законот за ревизија иницирана врз основа на барање доставено од познат подносител заведено со број 13-2867/1 од 18.08.2021 година.

Од страна на Министерството за финансии во тек е подготовка на нов Предлог -Законот за ревизија за кој ДКСК издаде мислење.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 13-2867 од 2021 година е оформен врз основа на барање за антикорупциска проверка на Законот за ревизија доставено до ДКСК од в.д. претседател на ----------------------- на ден 18.08.2021 година. Барањето се доставува со цел преку АПЛ да се утврдат членовите од Законот кои генерираат судир на интереси и се посочуваат одредени членови, но се укажува и на негова неусогласеност со Директивата за ревизија 2014/56/ЕУ и Регулативата за ревизија на ЕУ бр.537/2014.

Од страна на Министерството за финансии изготвен е нов Предлог -Закон за ревизија кој е објавен на ЕНЕР со цел прибирање мислења и забелешки по понудените законски решенија и на ден 28.09.2021 година до ДКСК е доставено барање број 03-3601/1 за добивање надлежно мислење во однос на понуденото ново законско решение. Согласно своите надлежности предвидени во член 17 став 2 од Законот за спречување н корупција и судир на интереси, ДКСК изготви и до Министерството за финансии достави мислење заведено под број 03-3601/2 од 22.10.2021 година.

Од причина што веќе постои ново законско решение за кое ДКСК издаде свое мислење, ДКСК смета дека нема елементи за надлежно постапување и антикорупциска проверка на постоечкиот Закон за ревизија.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Одобрил: К.Н.., Член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-Подносителот